ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1088/1
28.12.20
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, донесени од Претседателот и Потпретседателите на Црвениот крст на РСМ, а во согласност со одредби од Законот за Црвен крст на Република Македонија и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Правилникот за содржините на програмата за обука за постапување во случај на сообраќајна незгода за кандидатите за возачи (Службен весник на РМ бр.31/2008 година) и Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (бр.0202-1087/1 од 28.12.2020 година) и во согласност со овластувањето кое го даде Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ на својата 31ва седница одржана на ден 22.12.2020 година, Претседателот на ден 28.12.2020 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСНА НАСТАВА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ПРВА ПОМОШ НА ЛИЦА ПОВРЕДЕНИ ВО СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите кои општинските организации на Црвен крст (во натамошниот текст: ООЦК) и Црвениот крст на град Скопје (во натамошниот текст: ЦКГС) треба да ги исполнат за да организираат и реализираат курсна настава за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, начинот/постапката за добивање на овластување за организирање на курсна настава и проверка на оспособеноста на кандидатите и спроведување на надзор од страна на Црвениот крст на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ЦКРСМ) врз доделените овластувања.

Член 2

Заради територијална покриеност и достапност на граѓаните, ефикасно искористување на ресурси и овозможување на брз и ефективен процес,

оспособувањето на кандидатите за возачи и проверката на оспособеноста на кандидатите за возачи ЦКРСМ ја спроведува преку општинските организации на Црвен крст (во натамошниот текст: ООЦК) и Црвениот крст на град Скопје (во натамошниот текст: ЦКГС) со овластување за вршење на дејноста, кои се јавуваат како организатори на курсна настава.

Член 3

ООЦК курсната настава ја организираат и реализираат за граѓаните кои имаат живеалиште/престојувалиште во единиците на локалната самоуправа кои ООЦК ги опфаќаат со своето работење и дејствување.

За граѓаните кои имаат живеалиште/престојувалиште на територијата на град Скопје курсната настава може да ја организира и реализира ЦКГС на заедничка иницијатива на ООЦК во Градот Скопје.

Член 4

ООЦК/ЦКГС курсната настава ја организираат и реализираат согласно Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгодана Црвениот крст на РСМ.

## II. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ООЦК/ЦКГС

Член 5

Оспособувањето на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош се спроведува во ООЦК/ЦКГС кои ги исполнуваат условите согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а во однос на простор, опрема и кадар за оспособувањето на кандидатите за возачи.

Член 6

ООЦК/ЦКГС треба да ги исполнуваат следните услови за спроведување на курсевите:

1. Сопствена просторија или простор со регулиран начин на користење од најмалку 20 m² опремена со безбедносна камера која овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат 90 (деведесет) дена од денот на реализирање на курсната настава за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода на кандидатот за возач.

2. Просторија опремена со ИТ технологија и достапен Wi-FI интернет.

3. Техничка опременост за 15 кандидати за возачи (индивидуални столчиња и масички), маса за демонстрирање, шкаф за чување на опрема и нагледни средства за одржување на теоретски и практичен дел на обука (постери на тема СБО - срцево белодробно оживување, извлекување од возило) клима уред, ИТ техника и опрема во опис и количини согласно бројот на кандидати за возачи за кои ООЦК/ЦКГС организаира курсна настава, и тоа:

   - лап-топ/десктоп компјутер и телевизор и 15 (петнаесет) лап топи/ десктоп компјутери за реализирање на курсната настава и проверка на оспособеноста на кандидатите задолжително за ООЦК/ЦКГС кои имаат над 500 (петстотини) кандидати за возачи годишно, и

   - најмалку еден лап-топ/десктоп компјутер, проектор и платно за реализирање на курсната настава и проверка на оспособеноста на кандидатите за ООЦК кои имаат до 500 (петстотини) кандидати за возачи годишно.

4. Најмалку два доктори оспособени за изведување на настава по прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода кои поседуваат легитимација за предавач по прва помош за возачи, издадена од Црвен Крст на Република Северна Македонија.

5. Најмалку два демонстратори оспособени за изведување на настава по прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода кои поседуваат легитимација за демонстратор по прва помош за возачи, издадена од Црвен крст на Република Северна Македонија.

6. Најмалку две фантом тренинг кукли за демонстрирање и практично прикажување на срцево белодробно оживување.

7. Најмалку еден автоматски надворешен тренинг дефибрилатор.

8. Најмалку една заштитна кацига за возач на мотор.

Член 7

ООЦК/ЦКГС имаат обврска да обезбедат основни стандардни средства за укажување на прва помош:

- Гази х 90 (различни величини: 5 х 5 см- 30 парчиња, 7.5 х 7.5 см х 40, 10 х 10см х20 )
- Хидрофилна газа х 30 (25 х 80 см)
- Калико завој– вкупно 120 (различни величини: 5см х 5м -30 парчиња; 8см х 5 м –парчиња 30; 10см х 5м -30 парчиња, 12см х 5м -30 парчиња)
- Триаглести марами х 15
- Безопасни игли (клипси) х 15
- Ножици со заоблен врв х 2
- Ножици со остар врв х 2
- Фластер х 15 (различна величина: 2.5см х 5м; 5см х 5м)
- Ханзапласт (различна големина) х 150- (15 кутии х 1/10)
- Вентилационо марамче за СБО х 30
- Силиконска вентилациона маска х 1
- Завои од еластична ткаенина х 30(минимум 2 величини :6см х 4 м; 8см х 4м; 10см х 4 м)
- Двострана метализирана фолија Х3
- Пинцета х 2
- Санитетска вата 100гр х 2
- Алкохол 70 % од 1L х 1
- Медицински ракавици- 1 кутија х 100 ракавици
- Антисептични марамчиња х 30
- Санитајзер за раце од 500 мл х 1 или 1 х75 мл за секој кандидат
- Топломер х 1
- Апарат за притисок х 1

- Бележник со пенкало x 1( за секој кандидат 1 бележник и 1 пенкало)
- Ќебе x 2
- Подметач за вежби x 3.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСНА НАСТАВА

### 3.1 Проверка за исполнување на условите

Член 8

Решение за започнувањето на постапката за спроведување на проверката за исполнување на условите за организирање на курсеви за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош и доделување на овластување на ООЦК/ЦКГС донесува Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ.

Постапката за проверка за исполнување на условите за организирање на курсеви за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош и доделување на овластување на ООЦК/ЦКГС може да отпочне и на барање на ООЦК/ЦКГС доставено до Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ кој носи решение за отпочнување на постапката

Член 9

Проверката за исполнување на условите за организирање на курсеви за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош ја врши комисија, формирана со решение на Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ.

Комисијата врши посета во ООЦК/ЦКГС и спроведува проверка на исполнување на утврдените минимални услови и задоволување на пропишаните стандарди за организирање и реализирање на курсната настава.

ООЦК/ЦКГС е должна на Комисијата да и обезбеди увид во сите услови наведени во член 6 и 7 на овој Правилник.

Член 10

За извршената проверка Комисијата составува записник, во два примероци, еден за Комисијата и еден за ООЦК/ЦКГС.

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата и одговорното лице на ООЦК/ЦКГС.

### 3.2. Овластување

Член 11

Врз основа на записникот и констатираната состојба во ООЦК/ЦКГС, Комисијата му предлага на Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ да даде, односно да не даде овластување за организирање на курсна настава и проверка на оспособеноста на кандидатите за возачи на моторни возила за укажување на прва помош.

Комисијата писмениот предлог заедно со копија од потпишаниот записник го доставува до Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ во рок од пет дена од извршената проверка.

Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ има право да даде, односно да не даде овластување во рок од седум дена од денот на приемот на предлогот на Комисијата.

Член 12

Важноста на овластувањето е две години.

Комисијата има обврска да ја спроведе постапката за проверка на исполнување на утврдените минимални услови и задоволување на пропишаните стандарди за организирање и реализирање на курсната настава во ООЦК/ЦКГС најдоцна 60 (шеесет) дена пред истекување на овластувањето.

## IV. НАДЗОР

### 4.1. Вршење на надзор над ООЦК/ЦКГС

Член 13

Комисијата од член 9 на овој Правилник има право да врши надзор/проверка на ООЦК/ЦКГС и надвор од постапката за доделување овластување.

Комисијата надзорот/проверката на ООЦК/ЦКГС кои добиле овластување ја врши најмалку еднаш годишно на сопствена иницијатива или на барање на Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ.

По потреба Генералниот секретар може да формира и ад-хок комисија за вршење надзор над одредени аспекти од организирањето и реализирањето на курсната настава и проверката на оспособеноста во ООЦК/ЦКГС.

Член 14

При спроведување на надзорот Комисијата има право да врши увид во целокупната документација за курсната настава и проверката на оспособеноста и да има пристап до аудио и видео записите од спроведување на курсната настава по прва помош.

Член 15

За извршениот надзор Комисијата составува записник во два примероци, еден за Комисијата и еден за ООЦК/ЦКГС.

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата и одговорното лице на ООЦК/ЦКГС.

Копија од потпишаниот записник заедно со мислење и наод на Комисијата за констатираната состојба се доставува во рок од три дена до Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ.

**4.2. Мерки**

Член 16

Доколку се констатирни неправилности, односно непочитување на одредбите од овој Правилник и Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ може да издаде опомена кон ООЦК/ЦКГС со рок за отстранување на недостатоците во траење од 15 (петнаесет) дена .

Ако и по издадената опомена од став 1 на овој член кај ООЦК/ЦКГС при повторен надзор се констатирани неправилности, односно непочитување на одредбите на овој Правилник и Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва

помош на лица повредени во сообраќајна незгода, Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ го отповикува даденото овластување, на неодредено време.

До повторно доделување на овластување на ООЦК/ЦКГС на која и е отповикано овластувањето, Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ одлучува која соседна ООЦК/ЦКГС ќе го преземе организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода или на кој друг начин истото ќе биде организирано.

Член 17

Во случај на потешки повреди Генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ има право да иницира постапка за утврдување на одговорност за ООЦК/ЦКГС и одговорното лице пред Раководниот одбор на ООЦК/ЦКГС и Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ согласно интерните акти на Црвениот крст на РСМ за утврдување на одговорност.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Член 19

ООЦК/ЦКГС обврската за опремување со ИТ опрема - лап топ/ десктоп компјутер и телевизор согласно член 6 став 1 точка 3 алинеја 1 од овој Правилник треба да ја исполнат во рок од 60 (шеесет) дена од денот на донесување на овој Правилник.

ООЦК во моментот кога ќе го надминат бројот од 500 кандидати за возачи имаат обврска да ја обезбедат опремата од член 6 став 1 точка 3 алинеја 1 од овој Правилник.

Член 20

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престанува важноста на Правилникот за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за

укажувањена прва помошна лица повредени во сообраќајна незгода бр. 0202-651/16 од 04.07.2018 година и сите измени дополнувања кои се однесуваат на овој Правилник.

Претседател,

проф. д-р Ромел Велев

Црвен крст на Република Северна Македонија
Скопје